АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

Бр. 05-3698/20
16-01-2017
СКОПЈЕ

ул. Стале Попов бр. 9 мезанин локал 5, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 142 став 6 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.(136/07,130/08,97/10,53/11,185/11,15/13,148/13, 28/14,43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15 и 120/16) , член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст), Записник од отворање на понуди бр.05-3698/9 од 09.01.2017 г. , Извештај од спроведена постапка пред спроведување е-аукција бр. 05-3698/13 од 10.01.2017 г., Извештај за текот на е-аукцијата бр. 05-3698/18 од 13.01.2017 г., Извештај од спроведена постапка по реализирана е-аукција бр.05-3698/19 од 13.01.2017 г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**16/2016** , Директорот на Друштвото донесе :

**О Д Л У К А**
**за избор на најповолна понуда за**
**Набавка на услуги во фиксна и мобилна телефонија**

На основ на Записник од отварање на понуди бр..05-3698/9 од 09.01.2017 г. , Извештај од спроведена постапка пред спроведување е-аукција бр. 05-3698/13 од 10.01.2017 г., Извештај за текот на е-аукцијата бр. 05-3698/18 од 13.01.2017 г., Извештај од спроведена постапка по реализирана е-аукција бр.05-3698/19 од 13.01.2017 г. од Комисијата за набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-3698/3 од 17.11.2016г., со примена на постапка со Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас во ЕСЈН со е-аукција, Договорите за Набавка на на услуги во фиксна и мобилна телефонија се доделуваат на:

За ДЕЛ 1 – Фиксна телефонија
**„ МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ "АД**
**Кеј ,,13-ти Ноември,, бр.6 - Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 3 (три) прифатливи понуди.

За ДЕЛ 2 – Мобилна телефонија
**„ ОНЕ.ВИП "ДОО**
**ул. ,,Филип Втори Македонски,, бр.3 – Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 2 (две) прифатливи понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката писмено да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да ги извести:

- Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.
- Понудувачите кој поднеле прифатливи понуди кои не биле избрани за најповолни, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договори за доделување на јавна набавка со носителите на најповолните понуди, во се спрема одлуката за јавна набавка, понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за економско финансиски работи и информатика за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

**доставено до**:

- Сектор за економско-финансиски работи и информатика
- Сектор за правни и општи работи
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- Архива

изготвил: Јанко Михајловски 16.01.2017
контролирал: Анета Тодоровска
Светлана Сотировска